Бр 02-1185/6
04 10 2019 год.

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на седницата одржана на 04.10.2019 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за спроведување дополнителна испитна сесија во учебната 2019/2020 година за студенти на прв циклус на студии**

I. По барање на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје заведено под бр. 09-9/959 од 26.09.2019 година, се одобрува дополнителна испитна сесија во учебната 2019/2020 година за студенти кои студираат на прв циклус на студии (освен апсолвенти), со административен надомест од 1.000,00 денари по испит.

II. Право на полагање имаат сите студенти кои имаат запишано III и V семестар во учебната 2019/2020 година или евидентирано (Е-2) семестар за учебната 2019/2020 година.

III. Студентот кој во три последователни испитни рока (зимски, летен и есенски испитен рок) не го положил испитот, истиот предмет го презапишува.

IV. Дополнителната испитна сесија ќе се спроведе во период од 12 до 15 ноември 2019 година, согласно распоредот за полагање објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи.

V. Студентот кој ќе полага испит/и во дополнителната испитна сесија е должен да достави пријава/и за испит/и во Службата за студентски прашања на Факултетот во период од 14-18 октомври 2019 година, согласно распоред за пријавување објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи.

VI. По еден примерок од одлуката да се достави до продеканот за настава, секретарот, раководителот на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, огласна табла, веб страната на Факултетот и архивата на Факултетот.

VII. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

ДЕКАН,

Проф.д-р Горан Коевски

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 02-1185/7
10 04 20 19 год.
Скопје

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на седницата одржана на 04.10.2019 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за спроведување дополнителна испитна сесија во учебната 2019/2020 година за студенти на втор циклус на студии**

I. По барање на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје заведено под бр. 09-9/959 од 26.09.2019 година, се одобрува дополнителна испитна сесија во учебната 2019/2020 година за студенти кои студираат на втор циклус на студии, со административен надомест од 1.500,00 денари по испит.

II. Право на полагање имаат сите студенти кои имаат запишано IX семестар во учебната 2019/2020 година или евидентирано (Е-2) семестар за учебната 2019/2020 година.

III. Студентот кој во три последователни испитни рока (зимски, летен и есенски испитен рок) не го положил испитот, истиот предмет го презапишува.

IV. Дополнителната испитна сесија ќе се спроведе во период од 12 до 15 ноември 2019 година, согласно распоредот за полагање објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи.

V. Студентот кој ќе полага испит/и во дополнителната испитна сесија е должен да достави пријава/и за испит/и во Службата за студентски прашања на Факултетот во период од 14-18 октомври 2019 година, согласно распоред за пријавување објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи.

VI. По еден примерок од одлуката да се достави до продеканот за настава, секретарот, раководителот на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, огласна табла, веб страната на Факултетот и архивата на Факултетот.

VII. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан,

Проф.д-р Горан Коевски

Бр. 02-1185/8
04 10 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на седницата одржана на 04.10.2019 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за спроведување дополнителна испитна сесија во учебната 2019/2020 година за студенти - апсолвенти**

I. По барање на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје заведено под бр. 09-9/947 од 25.09.2019 година, се одобрува дополнителна испитна сесија во учебната 2019/2020 година за студенти - апсолвенти на прв циклус на студии, со административен надомест од 1.000,00 денари по испит.

II. Право на полагање имаат сите студенти кои имаат заверено VI семестар во учебната 2019/2020 година и евидентирано (Е-2) семестар за учебната 2019/2020 година.

III. Студентот кој во три последователни испитни рока (зимски, летен и есенски испитен рок) не го положил испитот, истиот предмет го презапишува.

IV. Дополнителната испитна сесија ќе се спроведе во период од 14 до 25 октомври 2019 година, согласно распоредот за полагање објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи.

V. Студентот кој ќе полага испит/и во дополнителната испитна сесија е должен да достави пријава/и за испит/и во Службата за студентски прашања на Факултетот во период од 7-9 октомври 2019 година.

VI. По еден примерок од одлуката да се достави до продеканот за настава, секретарот, раководителот на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, огласна табла, веб страната на Факултетот и архивата на Факултетот.

VII. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Д Е К А Н,

Проф.д-р Горан Коевски